Врз основа на Член 22, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на екологијата и енергетската ефикасност за 2019 година (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.13/2018),
Општина Карпош објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК

## за изготвување и реализација на проекти од областа на животната средина и природата и енергетската ефикасност

ПРЕДЛОГ ТЕМИ:

1. **Аерозагадување** – причини, последици и мерки за намалување на нивото на аерозагадување (200.000,00 денари),
2. **Селекција на отпад и рециклирање** – бенефиции од рециклирање и штетност од нерециклирање (200.000,00 денари),
3. **Природата во нашата општина** – запознавање со природата и живиот свет во општината (200.000,00 денари),
4. **Климатски промени** – запознавање и поддигнување на јавната свест (150.000,00 денари),
5. **Зачувување на јавната хигиена, јавните добра и менување на навиките** (200.000,00 денари)
6. **Електромагнетно зрачење** – причини, штетност и заштита (150.000,00 денари),
7. **Обновливи извори на енергија** – запознавање и предности (200.000,00 денари),
8. **Штедење на енергија** – предности и влијание врз животната средина и природата (200.000,00 денари)

Распределбата на средствата од Буџетот на Општина Карпош, Сектор за екологија и енергетска ефикасност, наменети за финансирање на програмски активности на здруженијата и фондациите ќе се врши врз основа на критериумите и приоритетите дадени во овој повик.

Средствата од Буџетот на Општина Карпош ќе се користат за финансирање на програмскиот дел на Секторот за екологија и енергетска ефикасност, преку реализација на активности на здруженија и фондации.

Здруженијата треба да понудат креативен и ефикасен проект со осмислени активности и содржини што можат да се имплементираат во Општина Карпош во приоритетната област за екологија и заштита на животната средина.

**Предвидени средства**

За финансирање на понудените програмски активности во согласност со овој повик, ќе се користат средства од Буџетот на Општина Карпош во вкупна висина од 1.500.000,00 денари.

**Основни критериуми**

Основни критериуми што треба да ги исполнуваат здруженијата и фондациите кои ќе учествуваат на овој повик се:

- Да се регистрирани според Законот за Здруженија и фондации
- Да се занимаваат со активности и проекти од јавен интерес посебно од областа на екологијата и зашитата на животната средина

**Потребна документација што здружението треба да ја достави со Предлог проектот**

Здруженијата на граѓани кои учествуваат на огласот треба да достават:

1. Предлог проект
2. Предлог за финансиска поддршка во соодветен формат
3. Статут и решение за регистрација на здружението или фондацијата
4. Извештај за работа за претходната година
5. Референтна листа за изработени проекти (искуство со проекти во локалната самоуправа ќе се смета за предност)

Напомена: Пријавите со непотполна документација или пријавите доставени по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат.

**Рок и начин на доставување на пријавите**

Рокот за поднесување на пријавите е 10 (десет) дена од денот на објавување на јавниот повик.

Во проектната документација треба да биде наведено на која од предложените теми се однесува предлог проектот. Пријавата со целокупната документација да се достави преку пошта или на адреса: ул. Радика бр.9 (барака 2-архива) од 07:30 до 15:30 часот.

Здруженијата на граѓани, кои се учесници на јавниот повик, ќе бидат известени за резултатите по објавувањето на одлуката за распределба на средствата во “Службен Гласник на Општина Карпош”.

**Доставување извештај**

Здружението на граѓани на кое ќе му бидат доделени средства во согласност со Програмата, по завршувањето на своите програмски активности ќе достави извештај за користење на средствата до Секторот за екологија  и енергетска ефикасност на Општина Карпош.